# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 5 Август 2004 година<br>Службен гласник број 7<br>Овој примерок чини 50 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |



***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Зклучокот по Предлог - Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -1039/1
05.08.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргсаноски

Врз основа на член 26 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 03.08.2004 година, разгледувајќи го

Предлог - Законот за територијална организација на локална та самоуправа во Република Македонија, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Прилеп дава мислење дека новата територијална организација на општините, предложена со Предлог - Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, за општина Прилеп, а и за општините Витолиште и Тополчани кои се припојуваат во Општина Прилеп е позитивна и ќе придонесе за нивни побрз општествено-економски развој.

2.. Заклучокот да се достави до Влададата на Република Македонија, Министерството за локална самоуправа, пратениците во Собранието на Република Македонија од Општина Приалеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1026/2
03.08.2004 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

## АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/1996, 28/1997, 18/1999, 53/2001 и 45/2002) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 2/2002) член 14 и 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**

за организирање на јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за уае 9 - урбан блок 9/1 Кварт 3 и 4 во Прилеп со граници ул."Марксова, ул"Мице Козар", Бул. "Маршал Тито" и ул. "11-ти Октомври"

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ- 9 - Урбан блок 9/1 Кварт 3 и 4 во град Прилеп.

Член 2

Соопштението за организирање Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план за УАЕ 9 - Урбан блок 9/1 Кварт 3 и 4 во Прилеп ќе биде изложено на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 996/2
21.07.2004 година
П р и л е п

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашо Пирганоски

## С О Д Р Ж И Н А
**на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 7 од 05.08.2004 година**

1. Заклучок за објавување на Заклучокот по Предлог - Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.............................................................................................................. Стр. 1

## АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 9 - Урбан блок 9/1 Кварт 3 и 4 во Прилеп со граници: ул."Марксова", ул."Мице Козар", Бул. "Маршал Тито" и ул."11-ти Октомври".......................... Стр. 2

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.